**20141494663**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИОМЕДИЦИНСКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 октомври 2014 година.

Бр. 07–3787/1
9 октомври 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИОМЕДИЦИНСКО ПОТПОМОГНАТО ОПЛОДУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување („Службен весник на Република Македонија“ број 37/2008 и 164/13), во членот 4 по точката 2 се додаваат четири нови точки 3, 4, 5 и 6 кои гласат:

3. „Ембрион“ е човечки организам во првите 56 дена од неговиот развој по фертилизацијата или креацијата, исклучувајќи било кое време во развојот кое било одложено и вклучувајќи ја било која клетка која произлегла од таков организам која е употребена за целите на креирање на човечко суштество.

4. „Фетус“ е човечки организам за време на периодот на неговиот развој почнувајќи од 57-миот ден по фертилизацијата или креацијата, со исклучок на било кое време во развојот кое било одложено и до завршувањето на раѓањето.

5. „Гестациски носител“ е жена на возраст од најмалку 25 години живот, се до возраст во која е оценето дека жената е во добра психофизичка и општа здравствена состојба која овозможува здрава бременост и раѓање на здраво дете, мајка на најмалку едно дете, психофизички здрава, која носи ембрион или фетус кој бил зачнат со постапка на БПО со гестациски носител поведена од брачна двојка и која ќе го предаде детето на брачната двојка по неговото раѓање. Ембрионот или фетусот кој се внесува во матката на гестацискиот носител е добиен со спојување на јајце клетка и сперматозоиди на жената и мажот кои се во брак или со спојување на сперматозоид на мажот од брачната двојка која бара поведување на постапка на БПО со гестациски носител и донирана јајце клетка,

односно со спојување на јајце клетка на жената од брачната двојка која бара поведување на постапка на БПО со гестациски носител и дониран сперматозоид или ембрионот или фетусот е добиен со спојување на донирана јајце клетка и дониран сперматозоид.

6.„Брачна двојка која бара поведување на постапка на БПО со гестациски носител“ е брачна двојка која исклучиво е заедница меѓу една жена и еден маж кои се во брак.

Точките 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 стануваат точки 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20 и 21.

Член 2

По членот 6 се додаваат два нови наслови и два нови члена 6-а и 6-б, кои гласат:

**„Оплодување со внесување на ембрион добиен со сопствени или донирани полови клетки на брачна двојка во матка на жена-гестациски носител**

Член 6-а

Во постапката на БПО со сопствен ембрион на брачната двојка може да се спроведе постапка на внесување на ембрионот во матката на жена-гестациски носител. Одредбите од членот 8 став 1 точка 2) од овој закон за вид на медицинска постапка преку која се спроведува автологно оплодување и членот 38 став 2 точка 2) од овој закон за давање на овластување од министерот за здравство на здравствена установа за спроведување на постапка на автологно вонтелесно БПО соодветно се применуваат и во постапките на БПО со раѓање на дете од гестациски носител.

Кога не е можно користење на сопствени полови клетки на жената и/или сопствени полови клетки на мажот од брачната двојка, може да се спроведе постапка на БПО со гестациски носител во следните случаи:

- со користење на донирана јајце клетка преку внесување на ембрион добиен со спојување на сперматозоид на мажот од брачната двојка која бара поведување на постапка на БПО со гестациски носител и донирана јајце клетка,
- со користење на дониран сперматозоид преку внесување на ембрион добиен со спојување на јајце клетка на жената од брачната двојка која бара поведување на постапка на БПО со гестациски носител и дониран сперматозоид и
- со користење на донирана јајце клетка и дониран сперматозоид преку внесување на ембрион добиен со спојување на донирана јајце клетка и дониран сперматозоид.

Одредбите од членот 8 став 2 од овој закон за вид на медицинска постапка преку која се спроведува алогенеичко оплодување и членот 38 став 2 точка 4 од овој закон за давање на овластување од Министерството за здравство на здравствената установа за спроведување на постапката на алогенеичко вонтелесно БПО соодветно се применуваат и во постапката на БПО со раѓање на дете со гестациски носител од став 2 на овој член.

Во постапката на БПО со гестациски носител од став 2 на овој член забрането е користење на јајце клетка од жената-гестациски носител.

Гестациски носител може да биде жена која ги исполнува следните услови:

- да биде државјанин на Република Македонија;
- да биде во добра психофизичка и општа здравствена состојба;
- да биде на возраст од најмалку 25 години живот, се до возраст во која жената е во добра психофизичка и општа здравствена состојба која овозможува здрава бременост и раѓање на здраво дете.
- мајка на најмалку едно дете во моментот на започнување на постапката на БПО;
- да не и е одземено или ограничено родителското право;
- да не и е изречена казна за сторено кривично дело со ефективна казна затвор во траење од над шест месеца;

- да не и е ограничена или одземена деловната способност;
- да не е душевно болно или лице со пречки во интелектуалниот развој;
- да не е зависник од дрога или други психотропни супстанции или алкохол, и
- да нема тешко хронично заболување или да не е болно од неизлечива заразна болест.

Психофизичката и општата здравствена состојба на жената која сака да стане гестациски носител, ја оценува здравствена комисија, пред поведување на постапката на БПО со гестациски носител и за тоа едногласно донесува одлука. Здравствената комисија исто така оценува дали жената која сака да стане гестациски носител е во добра психофизичка и општа здравствена состојба која овозможува здрава бременост и раѓање на здраво дете согласно ставот 5 алинеја 3 од овој член, имајќи ја предвид нејзината возраст. Одлуката се изработува во писмена форма, ја потпишуваат сите членови на здравствената комисија и се доставува до жената која сака да стане гестациски носител и до Министерството за здравство.

Здравствената комисија од ставот 3 на овој член ја формира министерот за здравство со мандат од четири години и има пет члена, од кои тројца доктори на медицина, психолог специјалист по медицинска психологија и доктор на медицина специјалист по психијатрија. Сите членови на здравствената комисија имаат по најмалку 10 години работно искуство во струката и положен тест на интегритет и психолошки тест. Претседателот на здравствената комисија се избира од редот на членовите. Членовите на здравствената комисија имаат право на повторен избор за уште еден мандат.

За работата во здравствената комисија од ставот 3 на овој член на нејзините членовите им се исплаќа месечен надоместок во висина од 70% од минималната плата во Република Македонија согласно со прописите со кои се утврдува минимална плата во Република Македонија.

Административно-техничките работи за потребите на здравствената комисија од ставот 3 на овој член ги врши секретар кој се определува со решението за нејзиното формирање, од редот на вработените во Министерството за здравство и истиот не е член на здравствената комисијата. За вршење на административно-техничките работи за потребите на здравствената комисијата на секретарот му се исплаќа надоместок во висина од 35% од минималната плата во Република Македонија согласно со прописите со кои се утврдува минимална плата во Република Македонија, за месеците во кои здравствената комисијата одржала најмалку еден состанок.

Здравствената комисија од ставот 3 на овој член по службена должност прибавува од здравствените установи медицинска документација за жената која сака да стане гестациски носител за нејзината психофизичка и општа здравствена состојба во периодот пред утврдувањето на психофизичката и општата здравствена состојба како услов согласно ставот 2 на овој член .

Жената за која здравствената комисија од ставот 3 на овој член ќе донесе одлука дека има нарушена психофизичка или општа здравствена состојба, не може да биде гестациски носител.

**Водење на евиденција**

Член 6-б

Министерството за здравство води евиденција на жените кои ги исполнуваат условите за гестациски носител, утврдени со членот 6-а став 2 од овој закон (во натамошниот текст: потенцијален гестациски носител) и евиденција на брачните двојки кои бараат оплодување со внесување на ембрион добиен со сопствени или донирани полови клетки во матката на жена- гестациски носител.

Министерството за здравство ги води евиденциите континуирано и секоја промена се внесува веднаш по настанувањето.

Во случај на промена на податоците што се внесуваат во евиденцијата од став 1 на овој член, потенцијалниот гестациски носител, односно брачната двојка веднаш го известува Министерството за здравство и до него доставува документ врз основа на кој ќе се изврши ажурирање на евиденцијата.

Податоците содржани во евиденциите од став (1) на овој член се ажурираат најмалку еднаш годишно.

Жената која сака да биде гестациски носител до Министерството за здравство доставува докази дека ги исполнува условите утврдени со членот 6-а став 2 алинеите 1, 3 и 4 од овој закон, а Министерството за здравство ги прибавува по службена должност доказите дека жената која сака да биде гестациски носител ги исполнува условите утврдени со членот 6-а став 2 алинеите 2, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 од овој закон, по што утврдува дали се исполнети условите и ја известува жената која сака да биде гестациски носител.

Брачната двојка која бара оплодување со внесување на ембрион добиен со сопствени или донирани полови клетки во матката на жена- гестациски носител до Министерството за здравство доставува докази дека ги исполнува условите утврдени со членот 12-а од овој закон, а Министерството за здравство утврдува дали се исполнети условите и ја известува брачната двојка.

Доколку Министерството за здравство утврди дека жената која сака да биде гестациски носител ги исполнува условите утврдени со членот 6-а став 2 од овој закон, во евиденцијата од став 1 на овој член се внесуваат особено податоци за нејзината возраст, брачен статус и вероисповед, како и информација колку има сопствени деца.

Доколку Министерството за здравство утврди дека брачната двојка која бара оплодување со внесување на ембрион добиен со сопствени или донирани полови клетки во матката на жена- гестациски носител ги исполнува условите утврдени со членот 12-а од овој закон, во евиденцијата од став 1 на овој член се внесуваат особено податоци за нивната возраст и вероисповед.

Врз основа на евиденциите од став 1 на овој член Министерството за здравство води регистар на потенцијални гестациски носители и регистар на брачни двојки кои бараат оплодување со внесување на ембрион добиен со сопствени или донирани полови клетки во матката на жена- гестациски носител.

Формата и содржината, како и начинот на водење, обработување и чување на регистрите од ставот 9 на овој член ги пропишува министерот за здравство.“

Член 3

По членот 11 се додаваат три нови наслови и три нови члена 11-а, 11-б и 11-в, кои гласат:

**„ Психолошко советување на брачната двојка и потенцијалниот гестациски носител пред отпочнување на постапката**

Член 11- а

Пред спроведување на постапката на внесување на ембрионот во матката на жената гестациски носител, задолжително е претходно заедничко психолошко советување на брачната двојка која бара оплодување со внесување на ембрион добиен со сопствени или донирани полови клетки во матката на жена- гестациски носител (во натамошниот текст: брачна двојка) и на потенцијалниот гестациски носител во времетраење од три месеци, во рамки на кој период ќе се одржуваат најмалку две средби месечно.

Потенцијалниот гестациски носител има обврска да посетува психолошко советување и по внесувување на ембрионот во матката на жената гестациски носител, во текот на целата бременост и шест месеци по раѓањето на детето, во кој период ќе се одржува најмалку една средба месечно.

Доколку жената - гестациски носител е во брак или живее во вонбрачна заедница подолго од една година, задолжително е претходно психолошко советување и на лицето со кое живее во брачна, односно вонбрачна заедница.

Министерот за здравство формира комисија за психолошко советување со мандат од четири години и е составена од пет члена, од кои тројца психолози специјалисти по медицинска психологија и двајца доктори на медицина специјалисти по психијатрија, со најмалку седум години работно искуство како специјалисти и положен тест на интегритет и психолошки тест. Претседателот на комисијата за психолошко советување се избира од редот на членовите. Членовите на Комисијата имаат право на повторен избор за уште еден мандат.

Административно-техничките работи за потребите на комисијата за психолошко советување ги врши секретар кој се определува со решението за формирање на за психолошко советување од редот на вработените во Министерството за здравство и истиот не е член на истата.

Комисијата за психолошко советување е должна брачната двојка и гестацискиот носител, како и лицето од став 3 на овој член, со кое гестациски носител живее во брачна, односно вонбрачна заедница, да ги запознае со можните психички реакции од постапката на БПО, бременоста и раѓањето, како и да изврши нивно психолошко тестирање. За извршеното советување и проценката од психолошкото тестирање комисијата е должна да издаде писмена потврда.

За работата во Комисијата за психолошко советување на нејзините членовите им се исплаќа месечен надоместок во висина од 70% од минималната плата во Република Македонија согласно со прописите со кои се утврдува минимална плата во Република Македонија.

За вршење на административно-техничките работи за потребите на комисијата за психолошко советување на секретарот му се исплаќа надоместок во висина од 35% од минималната плата во Република Македонија согласно со прописите со кои се утврдува минимална плата во Република Македонија, за месеците во кои комисијата за психолошко советување одржала најмалку едно советување.

**Правно советување на брачната двојка и потенцијалниот гестациски носител пред отпочнување на постапката**

Член 11-б

Пред спроведување на постапката на внесување на ембрионот во матката на жената - гестациски носител, задолжително е претходно правно советување на брачната двојка која бара оплодување со внесување на ембрион добиен со сопствени или донирани полови клетки во матка на жена- гестациски носител и на потенцијалниот гестациски носител. По исклучок, на барање на гестацискиот носител може да се изврши дополнително правно советување до раѓање на детето.

Министерот за здравство формира комисија за правно советување со мандат од четири години, која е составена од пет члена од кои еден дипломиран правник со положен правосуден испит, 10 години работно искуство во струката и положен тест на интегритет и психолошки тест кој е претседател на комисијата за правно советување и четири дипломирани правници со седум години работно искуство во правната струка или наука и положен тест на интегритет и психолошки тест. Членовите на комисијата за правно советување имаат право на повторен избор за уште еден мандат.

Административно-техничките работи за потребите на комисијата за правно советување ги врши секретар кој се определува со решението за формирање на комисијата за правно советување од редот на вработените во Министерството за здравство и истиот не е член на истата.

Комисијата за правно советување е должна брачната двојка и потенцијалниот гестациски носител да ги запознае со правното значење и последиците од согласноста за планираната постапка на оплодување, бременоста и раѓањето, како и дека од оваа медицинска постапка не произлегуваат родителски права за гестациски носител. За извршеното советување комисијата за правно советување е должна да издаде писмена потврда.

Комисијата за правно советување од став 2 на овој член е должна да изврши дополнително правно советување до раѓање на детето на барање на гестацискиот носител.

За работата во комисијата за правно советување на нејзините членови им се исплаќа месечен надоместок во висина од 70% од минималната плата во Република Македонија согласно со прописите со кои се утврдува минимална плата во Република Македонија.

За вршење на административно-техничките работи за потребите на комисијата за правно советување на секретарот му се исплаќа надоместок во висина од 35% од минималната плата во Република Македонија согласно со прописите со кои се утврдува минимална плата во Република Македонија, за месеците во кои комисијата за правно советување одржала најмалку едно советување.

**Национален водич за психолошко и правно советување**

Член 11-в

Комисијата за психолошко советување од член 11-а од овој закон и Комисијата за правно советување од член 11-б од овој закон ќе изработат и публикуваат национален водич за психолошко и правно советување на брачната двојка и на потенцијалниот гестациски носител за постапката на БПО со внесување на ембрион добиен со сопствени или донирани полови клетки во матката на жена- гестациски носител.

Министерот за здравство го дава согласност на националниот водич од став (1) на овој член пред неговото публикување. “

Член 4

По член 12 се додаваат пет нови наслови и пет нови члена 12-а, 12-б, 12-в, 12-г и 12-д, кои гласат:

**„ Поведување на постапката на БПО со внесување на ембрион добиен со сопствени или донирани полови клетки на брачна двојка во матката на жената - гестациски носител и права на брачната двојка**

Член 12-а

Постапката на БПО со внесување на ембрион добиен со сопствени или донирани полови клетки на брачна двојка во матката на жената - гестациски носител (во натамошниот текст: постапка на БПО со гестациски носител) се поведува со доставување на писмено барање на брачната двојка до Министерството за здравство, а со претходна писмена согласност на потенцијалниот гестациски носител и лицето со кое жената – потенцијален гестациски носител живее во брачна или вонбрачна заедница подолго од една година.

Кон барањето за поведување на постапката на БПО со гестациски носител задолжително се приложува потврда за спроведено психолошко и правно советување од членот 11-а став 5 и член 11-б став 3 од овој закон и изјава за согласност на потенцијалниот гестациски носител и на брачната двојка за примена на постапката на БПО со гестациски носител.

Министерството за здравство по добивање на барањето од став 1 на овој член утврдува дали се исполнети сите услови од овој закон за поведување на постапка на БПО со гестациски носител и писмено ја известува брачната двојка и потенцијалниот гестациски носител. Доколку се исполнети условите за поведување на постапка на БПО со гестациски носител, брачната двојка и потенцијалниотгестациски носител склучуваат договор за уредување на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од таа постапка.

Право да поведе постапка на БПО со гестациски носител имаат маж и жена кои се во брак и се државјани на Република Македонија. Лица во вонбрачна заедница или во било која друга форма на партнерство не можат да поведат постапка на БПО со гестациски носител.

Брачната двојка има право да поднесе барање за поведување на постапка на БПО со гестациски носител доколку жената од брачната двојка има вродено/стекнато отсуство на матката или вродена аномалија на матката која не може да се корегира со модерни хируршки процедури според медицина базирана на докази или некоректибилни оштетувања на матката.

Брачната двојка има право да поднесе барање за поведување на постапка на БПО со гестациски носител доколку жената од брачната двојка покрај состојбата од став 5 на овој член истовремено има и вродено или стекнато отсуство на јајници или вродена аномалија на јајниците која не може да се корегира со модерни хируршки процедури според медицина базирана на докази или некоректибилни оштетувања на јајниците.

Брачната двојка има право да поднесе барање за поведување на постапка на БПО со гестациски носител доколку мажот од брачната двојка има стерилитет кој не може да се излекува со модерни процедури според медицина базирана на докази, а истовремено жената од брачната двојка ја има состојбата од став 5 на овој член или ја има состојбата од ставот 6 на овој член.

Како причина за поднесување на барање за поведување на постапка на БПО со гестациски носител од страна на брачната двојка се признаваат и најмалку три неуспешни бремености на жената од брачната двојка, кога како причина за неуспехот се исклучени сите останати причини и фактори, освен оштетувања на матката.

Лекарска потврда за постоење на индикацијата од став 5, односно причината од став 6 на овој член издава конзилиум од тројца доктори на медицина специјалисти од јавна здравствена установа на терцијарно ниво врз основа на специјалистички преглед и медицинска документација за здравствената состојба на жената од брачната двојка која бара спроведување на постапка на БПО со гестациски носител како услов за поднесување барање за поведување на постапка на БПО со гестациски носител согласно став 5 на овој член, односно врз основа на нејзина медицинска документација за постоење на причините од став 6 на овој член.

Брачната двојка од став 1 на овој член има право да бара поведување на две постапки на БПО со гестациски носител кои успешно ќе завршат со раѓање на по едно живо дете од секоја постапка.

За неуспешно завршување на постапката на БПО со гестациски носител се смета постапка во која настанало сакано или несакано прекинување на бременоста и постапка во која е родено мртво дете.

Во постапката на БПО со гестациски носител е дозволено во матката на гестациски носител да се внесат најмногу два ембриони добиени со сопствени или донирани полови клетки на брачната двојка.

Брачната двојка има обврска да ги преземе сите деца родени од повеќеплодна бременост.

Брачната двојка има обврска да го преземе детето и доколку детето е родено со попреченост поради која има посебни потреби, а која не била откриена во текот на бременоста со стандардни медицински процедури.

**Согласност за примена на постапката на БПО со гестациски носител**

Член 12-б

Постапката на БПО со гестациски носител се спроведува ако брачната двојка и потенцијалниот гестациски носител се претходно советувани за оваа постапка на БПО согласно со членовите 11-а и 11-б од овој закон и за учество во оваа постапка дале изјава за согласност за примена на постапката на БПО со гестациски носител во писмена форма, заверена од нотар.

Постапката на БПО со гестациски носител со донирана јајце клетка и/или дониран сперматозоид се спроведува ако се исполнети условите од став 1 на овој член и доколку брачната двојка која бара поведување на постапка на БПО со гестациски носител и потенцијалниот гестациски носител дале изјава за согласност за користење на донирана јајце клетка и/или дониран сперматозоид во постапката на БПО, во писмена форма заверена од нотар.

Брачната двојка и потенцијалниот гестациски носител можат да ја повлечат согласноста за примена на постапката на БПО со гестациски носител со давање на изјава заверена од нотар и да се откажат од постапката се додека ембрионот не е внесен во матката на жената гестациски носител, а најдоцна два дена пред денот на внесувањето на ембрионот во матката на жената гестациски носител. По денот на внесувањето на ембрионот во матката на жената гестациски носител не е дозволено прекинување или запирање на поведената постапка на БПО со гестациски носител, освен во случаите од член 12-в став 3 и член 12-г став 2 од овој закон.

Изјавата за повлекување на согласноста од ставот 2 на овој член брачната двојка и потенцијалниот гестациски носител ја даваат во писмена форма, заверена од нотарот кој ја заверил изјавата за согласност за примена на постапката на БПО со гестациски носител од став 1 на овој член .

Изјавата дадена пред друг нотар, различен од нотарот кој ја заверил изјавата за согласност за примена на постапката на БПО со гестациски носител од став 1 на овој член, не се смета за изјава за повлекување на согласноста од ставот 2 на овој член.

Докторот кој ја спроведува постапката на БПО со гестациски носител е должен еден ден пред денот на внесувањето на ембрионот во матката на гестацискиот носител да побара писмена информација од нотарот кој ја заверил изјавата за согласност за примена на постапката на БПО со гестациски носител од став 1 на овој член, брачната двојка и потенцијалниот гестациски носител дали брачната двојка и/или потенцијалниот гестациски носител се откажале од постапката и да побара примерок од изјавата за повлекување на согласноста доколку добие информација дека се откажале. Нотарот кој ја заверил изјавата за согласност за примена на постапката на БПО со гестациски носител од став 1 на овој член, брачната двојка и потенцијалниот гестациски носител се одговорни за точноста на дадената писмена информација дали брачната двојка и/или потенцијалниот гестациски носител се откажале од постапката од став 4 на овој член.

**Родителски права и статус на гестацискиот носител и на брачната двојка**

Член 12- в

Гестацискиот носител според одредбите од овој закон, нема родителски права, ниту обврски спрема детето, односно децата што ќе ги роди. Дадената изјава за согласност за примена на постапката на БПО со гестациски носител од член 12-б став 1 од овој закон има правно значење на изјава за откажување од признавање на мајчинство по раѓањето на детето, односно децата.

По исклучок од став 1 на овој член, пред да биде поведена постапка на посвојување на детето, односно децата родени во постапка на БПО во случај кога тие се оставени без родителска грижа од страна на брачната двојка која е со непознато живеалиште, односно престојувалиште повеќе од една година или без оглед на причините привремено или трајно не ги извршува своите родителски права и должности, како и кога на мажот и жената од брачната двојка им е одземена деловната способност или им е одземено вршењето на родителското право, жената гестациски носител има право да биде запишана како мајка на детето, односно децата ако ги исполнува условите за посвојување утврдени со прописите од областа на семејното право. Доколку жената гестациски носител не биде запишана како мајка на детето, односно децата согласно овој закон, заради заштита на правата и интересите на детето, односно децата се спроведува постапка согласно прописите од областа на семејното право.

Гестацискиот носител нема право да поведе постапка за утврдување на мајчинство или пак остварување на родителски права согласно прописите од областа на семејното право.

Брачната двојка има право да бара прекинување на бременоста на гестацискиот носител доколку бидат утврдени медицински индикации согласно прописите кои го уредуваат прекинувањето на бременоста.

Податоците за гестацискиот носител и начинот на кој тоа дете е зачнато и родено можат да му бидат соопштени на детето родено од постапка на БПО со гестациски носител по навршување на негови пет години живот.

Како родители на детето, односно децата по раѓањето на детето, односно децата во матичната книга на родените се запишуваат жената и мажот од брачната двојка на чие барање е поведена постапката на БПО со гестациски носител. Надлежниот орган за водење на матичната книга на родените ги запишува како родители жената и мажот од брачната двојка на чие барање е поведена постапката на БПО со гестациски носител, врз основа на потврда издадена од Министерството за здравство.

Во случај на смрт на жената и мажот од брачната двојка на чие барање е поведена постапката, што би настапила во текот на бременоста на гестацискиот носител, како родители на детето, односно децата по раѓањето на детето, односно децата се запишува жената и мажот од брачната двојка на чие барање е поведена постапката на БПО со гестациски носител, а правото на старателство се остварува согласно прописите од областа на семејното право. За старател може да се постави и гестацискиот носител доколку детето како лице под старателство нема жив близок роднина.

Доколку бракот на брачната двојка на чие барање е поведена постапката се разведе во текот на бременоста на гестацискиот носител, за чувањето, издржувањето и воспитанието на детето, односно децата што ќе се родат се решава во бракоразводната постапка.

**Права и должности на гестацискиот носител**

Член 12-г

Гестацискиот носител има право само еднаш да роди едно живо дете за друг .

Гестацискиот носител има право да поведе постапка за прекинување на бременоста согласно прописите за прекинување на бременоста.

Доколку гестацискиот носител поведе постапка за прекинување на бременоста до истекот на десетата недели од денот на зачнувањето без да постојат медицински индикации, има обврска да ги надомести сите претходно настанати материјални трошоци, како и да ја надомести настанатата материјална и нематеријална штета на брачната двојка. Доколку гестацискиот носител не ги надомести настанатите материјални трошоци, како и настанатата материјална и нематеријална штета согласно овој закон, брачната двојка има право да поведе судска постапка за остварување на ова право.

Гестацискиот носител и жената од брачната двојка која е во работен однос ги има сите права пропишани со прописите од областа на работните односи, пензиското и инвалидското осигурување и здравственото осигурување по основ на бременост и раѓање.

Гестацискиот носител која е во работен однос има право на отсуство од работа поради бременост и раѓање во времетрање од 45 дена од денот на раѓањето на детето, а согласно прописите од областа на работните односи.

Жената од брачната двојка остварува право на породилно отсуство како да го родила детето, односно децата, за што до Фондот за здравствено осигурување на Македонија доставува и потврда издадена од Министерство за здравство.

Гестацискиот носител е должен редовно да ја контролира бременоста согласно протоколите за антенатална грижа во јавна и/или приватна здравствена установа во мрежата на здравствени установи која ќе ја избере заедно со брачната двојка. Брачната двојка е должна писмено да ја извести јавната, односно приватната здравствена установа каде што гестацискиот носител редовно ја контролира бременоста за поведената постапка на БПО со гестациски носител, а јавната, односно приватната здравствена установа по добиеното известување има обврска до брачната двојка да ја доставува медицинската документација од извршените контроли согласно протоколите за антенатална грижа кои се во врска со здравјето и состојбата на плодот, како и во врска со здравјето и состојбата на гестацискиот носител кои можат да имаат влијание врз ембрионот, односно фетусот.

По исклучок од став 7 на овој член, гестацискиот носител може да ја контролира бременоста во приватна здравствена установа надвор од мрежата на здравствени установи што се смета за материјален трошок и истиот го надоместува брачната двојка.

Гестацискиот носител ќе се породиа во јавна или приватна здравствена установа во мрежата на здравствени установи.

Гестацискиот носител може да се породи во приватна здравствена установа надвор од мрежата на здравствени установи, што се смета за материјален трошок и истиот го надоместува брачната двојка.

Гестацискиот носител има право и должност во текот на бременоста да води уреден живот, да се храни правилно и да прима додатоци на исхраната потребни за одржување на бременоста, да вежба и психофизички да се подготвува за породувањето, како и да ги избегнува штетните фактори од околината кои можат да му наштетат на плодот. Трошоците направени за исполнување на оваа должност се сметаат за материјални трошоци и истите ги надоместува брачната двојка.

Материјалните трошоци кои се однесуваат на прегледи и породување на гестацискиот носител во приватни здравствени установи кои се надвор од мрежата на здравствени установи во случај на користење на правото од ставовите 8 и 10 на овој член, не смеат да ги надминат цените утврдени од приватната здравствена установа надвор од мрежата на здравствени установи каде што се вршат прегледите, односно породувањето.

Месечната висина на материјалните трошоците направени за исполнување на должностите од став 11 на овој член не може да го надмине износот од една просечна плата исплатена во стопанството во Република Македонија во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика.

Писмено известување со приложени копии од доказите за направените материјални трошоци согласно ставовите 8, 10 и 11 на овој член брачната двојка една месечно доставува до Министерството за здравство. На барање на Министерството за здравство брачната двојка на увид доставува оригинални докази за направените материјални трошоци.

Брачната двојка не смее на гестацискиот носител да и дадеподароци во вредност повисока од 100 евра во денарска противвредност сметано за целиот тек на постапката на БПО со гестациски носител и по породувањето.

**Склучување на договор помеѓу брачната двојка и гестацискиот носител**

Член 12-д

Брачната двојка и гестацискиот носител склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од постапката на БПО со гестациски носител, а кои се во согласност со овој закон.

Договорот од став 1 на овој член се заверува од нотар и примерок од договорот се доставува до Министерството за здравство.“

Член 5

Во член 17 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Овластените здравствени установи за спроведување на постапка на БПО со гестациски носител, здравствените установи каде гестацискиот носител ја контролира бременоста, здравствената установа каде што жената гестацискиот носител се породила, другите надлежни органи кои учествуваат во спроведување на постапката на БПО со гестациски носител, како и надлежни органи кои спроведуваат постапка за остварување на правата на гестацискиот носител и на жената од брачната двојка утврдени со овој закон, се должни да обезбедат заштита на сите лични, медицински и генетски податоци за гестацискиот носител, брачната двојка и детето, односно детето родено од постапка на БПО со гестациски носител и да преземат неопходни мерки за да не се открие идентитетот на гестацискиот носител, брачната двојка и детето, односно детето родено од постапка на БПО со гестациски носител.“

Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

Во новиот став 3, зборовите : „ставот 1“ се заменува со зборовите : „ставовите 1 и 2“.

По новиот став 4, се додава нов став 5, кој гласи:

„На пристапот кон податоците од ставот 2 на овој член, на обезбедувањето на доверливост на личните, медицинските и генетските податоци, како и нивното откривање, овластените здравствени установи за спроведување на постапка на БПО со гестациски носител, здравствените установи каде гестацискиот носител ја контролира бременоста, здравствената установа каде што жената гестацискиот носител се породила, другите надлежни органи кои учествуваат во спроведување на постапката на БПО со гестациски носител, како и надлежни органи кои спроведуваат постапка за остварување на правата на гестацискиот носител и на жената од брачната двојка утврдени со овој закон, се должни да ги применуваат одредбите од овој закон и прописите за заштита на правата на пациентите, за класифицирани информации и за заштита на личните податоци.“

Член 6

Во член 18 во став 1 по зборот „клетки “ се додаваат зборовите: „ и раѓањето на дете од гестациски носител“.

Во ставот 2 по зборот „ембриони “ се додаваат зборовите: „ или за раѓање на дете од гестациски носител“.

Во ставот 3 по зборот „ембриони.„ се додаваат зборовите: „ или за раѓање на дете од гестациски носител“.

Во ставот 4 по зборот „донирање “ се става запирка и се додаваат зборовите: „трошоците за правилна и здрава исхрана и суплементи за време на постапката, како и трошоците предизвикани од отсуството од работа или настава за време на контролите и примањето терапија“.

По ставот 4 се додаваат три нови става 5, 6 и 7 кои гласат:

„Износот на материјалните трошоци од став 4 на овој член не може да го надмине износот од две просечни плати исплатени во стопанството во Република Македонија, во претходната година, објавена од Државниот завод за статистика.

Материјалните трошоци поврзани со трошоците за здравствените услуги, трошоците за превоз на гестациски носител од живеалиштето до здравствената установа и обратно, трошоците од член 12-г ставовите (2), (4) и (5) од овој закон не се сметаат за паричен надоместок, во смисла на овој закон.

Ниедно лице не смее да го надомести на гестацискиот носител приходот поврзан со губење на работата настанат за време на нејзината бременост, освен ако квалификувано медицинско лице во законски пропишана постапка потврди, во писмена форма, дека продолжувањето со работа може да претставува ризик по нејзиното здравје или здравјето на ембрионот или фетусот.“

Член 7

Во член 20 во став 1 по зборовите : „ на БПО „ се додаваат зборовите : „ и за внесување на ембрион во матката на жена гестациски носител „.

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„ Овластената здравствена установа за алогенеичко БПО е должна за секоја постапка за внесување на ембрион во матката на жената –гестациски носител да добие согласност од Државната комисија.“

Член 8

Насловот пред членот 27 и членот 27 се менуваат и гласат:

**„Забрани поврзани со постапката на БПО со гестациски носител и со купување, односно продавање на ин витро ембрион**

Член 27

Забрането е преку јавен оглас, јавни медиуми или на кој било друг начин да се бара или нуди услуга на раѓање дете за друг.

Забрането е купување, давање или прифање на понуда за купување или рекламирање на купување на ин витро ембрион.

Забрането е продавање, давање или прифаќање на понуда за продавање или рекламирање на продавање на ин витро ембрион.

Забрането е основање на трговско друштво чија дејност е посредување во пронаоѓање на жени кои сакаат да бидат гестациски носители.“

Член 9

Во членот 54, по ставот 2 се додаваат три нови става 3, 4 и 5, кои гласат:

„Административно-техничките работи за потребите на Државната комисија ги врши секретар кој не е нејзин член и кој се определува со решението за формирање на Државната комисија од редот на вработените во Министерството за здравство.

За работата во Државната комисија на нејзините членови им се исплаќа месечен надоместок во висина од 70% од минималната плата во Република Македонија согласно со прописите со кои се утврдува минимална плата во Република Македонија.

За вршење на административно-техничките работи за потребите на Државната комисија на секретарот му се исплаќа надоместок во висина од 35% од минималната плата во Република Македонија согласно со прописите со кои се утврдува минимална плата во Република Македонија, за месеците во кои Државната комисијата одржала најмалку еден состанок."

Член 10

По членот 69 се додаваат осум нови членови 69-а, 69-б, 69-в, 69-г, 69-д, 69-ѓ, 69-е и 69-ж, кои гласат:

„Член 69-а

Тој што со сила, сериозна закана, доведување во заблуда или на друг начин врбува, наведува или намамува една или повеќе жени да станат гестациски носител или посредува во целиот процес заради стекнување на противправна имотна корист ќе се казни со затвор од најмалку 3 години.

Ако делото од став 1 на овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

Член 69-б

Тој што организира група, банда или друго здружение за вршење на кривично дело од членот 69-а од овој закон, ќе се казни со казна затвор од една од десет години.

Тој што ќе стане припадник на група, банда или друго здружение од став 1 на овој член или на друг начин ја помага групата, бандата или друго здружение ќе се казни со казна затвор од најмалку една година.

Припадник на групата од став 1 на овој член кој ќе ја открие групата пред да стори кривично дело во нејзиниот состав или за неа, ќе се ослободи од казна.

Член 69-в

Тој што преку јавен оглас, јавни медиуми или на кој било друг начин , бара или нуди услуга на раѓање дете за друг за надоместок, ќе се казни со парична казна или затвор до три години.

Тој што врбува, наведува или поттикнува жена помлада од 25 години да стане гестациски носител ќе се казни со затвор од една до пет години .

Тој што дава услуги или користи услуга на раѓање дете за друг за надоместок, ќе се казни со парична казна или затвор од една до три години.

Член 69-г

Тој што ќе бара или земе пари, хартии од вредност, недвижен и/или подвижен имот, злато и/или други благородни метали или друга материјална корист како паричен надоместок за спроведување на постапка на БПО со гестациски носител спротивно на забраната за земање на паричен надоместок или друга корист утврдена со овој закон, ќе се казни со казна затвор од шест месеци до пет години.

Тој што ќе понуди или даде пари, хартии од вредност, недвижен и/или подвижен имот, злато и/или други благородни метали или друга материјална корист како паричен надоместок за спроведување на постапка на БПО со гестациски носител спротивно на забраната за земање на паричен надоместок или друга корист утврдена со овој закон, ќе се казни со казна затвор од шест месеци до пет години.

Тој што ќе се обиде да бара или земе, односно понуди или даде пари, хартии од вредност, недвижен и/или подвижен имот, злато и/или други благородни метали или друга материјална корист како паричен надоместок за спроведување на постапка на БПО со гестациски носител спротивно на забраната за земање на паричен надоместок или друга корист утврдена со овој закон, ќе се казни со казна затвор од три месеци до три години.

Парите, хартиите од вредност, недвижниот и/или подвижниот имот, златото и/или другите благородни метали или другата материјална корист побарана или земена, понудена или дадена како паричен надоместок за спроведување на постапка на БПО со гестациски носител спротивно на забраната за земање на паричен надоместок или друга корист утврдена со овој закон, ќе се одземат.

Член 69-д

Тој што ќе условува прифаќање на понуда на брачна двојка за спроведување на постапка на БПО со гестациски носител со добивање на паричен надоместок или друга материјална корист, ќе се казни со парична казна или казна затвор од најмалку три месеци.

Тој којшто со злоупотреба на својата положба ќе наведе или услови лице кое спрема него се наоѓа во однос на подреденост, надреденост или зависност, на давање или на прифаќање на понуда за спроведување на постапка на БПО со гестациски носител, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

Член 69-ѓ

Тој што надвор од телото на жена „одгледува“ ембрион или фетус заради раѓање на дете (во натамошниот текст: ектогенеза), ќе се казни со казна затвор од најмалку 10 години или доживотен затвор.

За постапка на ектогенеза не се смета ставање на предвремено роден фетус во инкубатор.

Член 69-е

Тој што неовластено ја открива тајноста на класифицираните информации од член 17 од овој закон, ќе се казни со затвор од три месеци до една година.

Тој којшто на неповикано лице ќе му соопшти, ќе му предаде или на друг начин ќе му ги направи достапни класифицираните информации од член 17 од овој закон, ако оддавањето на овие податоци предизвикало или можело да предизвика потешки штетни последици, како и тој којшто прибавува вакви податоци со намера да ги предаде на неповикано лице, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

Ако за прибавувањето на класифицираните информации од член 17 од овој закон сторителот примил поткуп, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Член 69-ж

Тој којшто ги изнесува или ги пронесува личните, медицинските и генетските податоци за гестацискиот носител, брачната двојка и детето, односно детето родено од постапка на БПО со гестациски носител, ќе се казни со затвор од три месеци до една година.

Ако делото од став 1 е сторено преку печат, радио, телевизија или со други средства за јавно информирање или на јавен собир, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

Ако она што се изнесува или се пронесува е од такво значење што довело или можело да доведе до тешки последици за оштетениот, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

Вистинитоста или невистинитоста на она што се изнесува или пронесува во поглед на личниот или семејниот живот на некое лице не може да се докажува.“

Член 11

Членот 70, во ставот 1, точка 14), по зборот „примателот “ се става запирка и се додаваат зборовите: „гестацискиот носител, брачната двојка и детето, односно детето родено од постапка на БПО со гестациски носител“.

Член 12

Членот 71, точката 2) се менува и гласи:

„бара или нуди услуга на раѓање дете за друг, основа трговско друштво чија дејност е посредување во пронаоѓање на жени кои сакаат да бидат гестациски носители и/или купува, продава, дава понуда за купување, односно продавање или рекламирање на купување, односно продавање на ин витро ембрион, (член 27)“.

Член 13

Подзаконските акти чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 14

Во сите наслови и сите членови во текстот на законот, каде што се употребуваат зборовите „сопствен ембрион“ и „нивен сопствен ембрион“, со исклучок на новиот член 6-а став 1 од овој закон, истите зборови се заменуваат со зборовите „ембрион добиен со сопствени или донирани полови клетки“.

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.